РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2014

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **1. ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОР** | 5 |
| **2. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА** | 7 |
| ЦАРИНСКА ТАРИФА | 8 |
| АКЦИЗИ | 9 |
| ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ | 10 |
| МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ | 11 |
| **3. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА** | 12 |
| УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЦАРИНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ | 12 |
| ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ | 12 |
| ЦАРИНА 2020 | 14 |
| TAIEX | 14 |
| ИПА ПРОЕКТИ | 14 |
| **4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | 16 |
| ОСНОВНА РАМКА | 16 |
| ВРАБОТУВАЊЕ | 17 |
| ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ | 18 |
| ИНТЕГРИТЕТ | 20 |
| ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | 21 |
| СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ | 22 |
| **5. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ** | 23 |
| ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И АКЦИЗНИТЕ ПОСТАПКИ | 23 |
| АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ | 24 |
| Е-ЦАРИНА | 24 |
| ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ | 27 |
| ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ | 30 |
| ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ | 31 |
| ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ И ПАТНИЧКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА | 32 |
| **6. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИ** | 33 |
| ОСНОВНА РАМКА | 33 |
| УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ | 34 |
| ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА | 34 |
| ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА | 40 |

ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА 40
ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА 41
РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА 41
НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ 42
РЕШЕНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА
УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ 43
КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ 44
ПРИЈАВИ ЗА ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ 44
УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ 45
ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ 45
7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ 46
СПРОВЕДЕНИ КАМПАЊИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ 46
ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА 197 47
СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ 48
ИНТЕРНЕТ И ИНТРАНЕТ, ПРАШАЊА, ЖАЛБИ И СУГЕСТИИ 48
ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ 48
ЦАРИНСКА СОРАБОТКА 50
ДРУГИ ПОЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ 54

*Царинската служба на секоја држава претставува важен државен орган, чијашто примарна функција, од историска гледна точка, била прибирање на буџетски приходи. Во денешно време, улогата на царината е многу поинаква. Освен што е важна алка во синџирот на поддршка на меѓународната трговија, секоја современа царинска служба игра исклучително важна улога во безбедносниот систем на својата држава, како сегмент од безбедносниот систем во рамки на борбата против меѓународниот тероризам и прекуграничниот криминал, но и во системот на севкупната заштита на своите граѓани.*

*Почитувани,*



*Секоја година 14 април – денот на Царинската управа на Република Македонија, е датум кој не потсетува да се осврнеме на годината која што е зад нас за да видиме каде била нашата организација пред дванаесет месеци, што сме сработиле во периодот помеѓу двата царински празници и што ни претстои во годината пред нас.*

*За човек кој што раководи со броен тим професионалци кои што работат напорно, компетентно и посветено, нема поголемо задоволство од привилегијата да може со гордост да се осврне на претходните месеци, знаејќи дека тие изминаа во бројни спроведени активности кои донесоа резултати кои што се видливи и мерливи, кои покажаа и докажаа дека институцијата во која што целосно сме се вложиле, достоинствено чекори напред и успешно опстојува на амбицијата да остане најдобар сервис на граѓаните, економските оператори и државата, согласно најдобрите национални и меѓународно признати практики.*

*А времињата не се ни лесни, ни едноставни – глобалната економска криза која сеуште не е целосно надмината, како и заканата од меѓународниот тероризам со која се соочува и нашата држава како дел од цивилизираниот свет, ни за момент не ни дозволуваат да се опуштиме и да здивнеме, затоа што нашата организација е основана и постои за да биде најважен чувар на финансиските интереси на државата, но и суштински и незаменлив дел од системот за заштита на животот и здравјето на граѓаните и еден од гарантите на безбедноста на државната граница.*

*И изминатата година посветено работевме на реализација на економските политики на Владата на Република Македонија за одржување и унапредување на конкурентниот економски амбиент, преку постојано предлагање и спроведување на мерки за олеснување на трговијата и транспортот. Притоа ни за момент не ја испуштивме од вид заштитата на финансиските интереси на државата преку успешно реализирање на буџетските приходи.*

*Успесите во нашата работа не се случајни и не доаѓаат преку ноќ. Тие се секогаш резултат на повеќегодишна фокусирана, стрплива и тимска работа на стручните луѓе во нашата институција, што ги прави и плодовите на нашиот успех поубави и послатки.*

*Така добиената највисока оценка на редовниот годишен надзор за примена на Сертификатот ISO 9001:2008 е доказ за високиот степен на исполнување на критериумите на овој меѓународен стандард, на кои повеќе години посветено работеше Царинската управа, и потврда за квалитетот во работењето на нашата институција.*

*Завршувањето на проектот Интегрирана тарифна околина (ИТО), кој што има за цел усогласување на царинските информатички системи со соодветните тарифни системи што ја сочинуваат Интегрираната тарифна околина на Европската Унија и кој што им овозможува бројни придобивки на економските оператори во Република Македонија, е уште еден сладок плод на повеќегодишната работа на Царината.*

*Успешното воведување на Новиот компјутеризиран транзитен систем за обработка на транзитни декларации на национално ниво од страна на Царинската управа, уште еден проект за чија успешна имплементација со години напорно работевме, претставува голем чекор кон исполнување на стратешката цел – приклучување на Република Македон ија кон Конвенцијата за заеднички транзитен систем, што се очекува на 1 јули 2015 година.*

*Дел од активностите на кои Царинската управа неуморно работеше изминатиот период, на кои сите со право се гордееме, се и воведувањето на безготовинско плаќање на граничните царински испостави, намалувањето на бројот на приложени документи кон Единствениот царински документ, унапредување на критериумите за добивање на одобренија и лиценци за застапување, како и преземените подготвителни активности со цел забрзување на прекуграничната трговија и транспортот долж Пан-европските коридори 8 и 10.*

*Во нашиот фокус останаа и бројните активности за институционално зајакнување, преку унапредување на системот на управување со човечките ресурси, постојаното зголемување на транспарентноста во работењето и проширување на соработката со други институции во земјата и во странство, сѐ со цел исполнување на должностите и обврските утврдени во Стратешкиот и Акциониот план за 2014 година, како и достигнување и одржување на највисоките стандарди во работењето, согласно насоките на Европската Унија и Светската царинска организација. А, со низата преземени мерки за превенцијата и репресија на корупцијата и спречување на појавата на судир на интереси, Царинската управа се наметна како институционален лидер во справувањето со ова општествено зло.*

*Покрај приклучувањето на Република Македонија кон Конвенцијата за заеднички транзитен систем, приоритетна цел кон чие остварување ќе бидат насочени активностите на стручните кадри на Царинската управа оваа 2015 година е ставањето во функција на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) – што ќе претставува вистинска револуција во секојдневното работење на царинската служба и големо олеснување во работата на царинските застапници.*

*Доаѓа уште еден 14 април, уште еден Царински празник. Покрај прославите за одбележување на денот на Царинската управа, јубилеите и наградите, мене лично најмногу ме радува еден настан со кој веќе традиционално го одбележуваме нашиот ден – крводарителската акција на која од година во година учествуваат сѐ повеќе царински службеници, благородна активност која најсликовито покажува дека во нашата институција работат хумани луѓе со големи срца, со кои сите искрено се гордееме.*

*Нашата визија за иднината е јасна. Нашата посветеност за постигнување на зацртаните цели е многукратно докажана. А ние знаеме дека напорната работа и секојдневната посветеноста кон квалитетот на работењето е вистинскиот и единствен пат кон успехот и во годините кои што се пред нас.*

***Искрено,***

***Директор***
***Наташа Радеска Крстевска***

# 2. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

*Со цел натамошно поедноставување на царинските постапки, зголемување на конкурентноста на домашната економија и намалување на трошоците на економските оператори, како и усогласување на царинските закони и прописи со правото на Европската Унија, во текот на 2014 година се донесени измени и дополнувања на повеќе закони и подзаконски акти поврзани со царинските постапки, царинската тарифа, акцизите, заштитата на правата од интелектуална сопственост и примената на меѓународни договори.*

Во септември 2014 година во рамки на ЦЕФТА Договорот, со одредени ЦЕФТА земји започна да се применува **Регионалната конвенција за пан-евро-медитеранските преференцијални правила за потекло**. Оваа конвенција претставува единствен документ каде се дефинирани правилата за потекло со сите земји во регионот (ЕУ, ЕФТА, ЦЕФТА и медитеранските земји).

Со измените и дополнувањата на **Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки** („Сл. весник на РМ“ бр. 113/14) донесени во јули 2014 година, овозможено е ослободување од плаќање на увозни давачки за опрема наменета за научноистражувачка и иновациска дејност, а укинати се одредбите кои се однесуваа на ослободување од плаќање на увозни давачки на стоки, потребни за реализација на проекти финансирани од странски донатори поради фактот што оваа можност е регулирана со посебен Правилник за спроведување на ослободување од плаќање увозни давачки, („Сл.весник на РМ“ бр. 98/14).

Во август 2014 година, донесено е дополнување **на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данок на додадена вредност** („Сл. весник на РМ“ бр. 117/14), при што на листата на стоки за кои се применува повластената даночна стапка од 5% се додадени и добиточна храна, адитиви за добиточна храна и жив добиток, бебешки производи и училишен прибор.





Во 2014 година се донесени три измени и дополнувања на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација.

- ✓ Првата измена од февруари 2014 година („Сл.весник на РМ“ бр. 36/14), се во насока на определување на нови шифри за пополнување на царинската декларација, со кои се овозможи примена на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) почнувајќи од 1 март 2014 година. Со воведувањето на НКТС започна задолжителната употреба на електронски транзитни декларации и спроведување на транзитните формалности преку размена на електронски стандардни пораки.
- ✓ Втората измена донесена во јуни 2014 година („Сл.весник на РМ“ бр. 98/14) се однесува на овозможување на примената на постојната шифра за ослободување од плаќање на увозни давачки при ослободување од плаќање на увозни давачки по основ на странски донации и при ослободување од плаќање на увозни давачки за стока наменета за реализација на проектите финансирани со инструментот за претпристапна помош (ИПА).
- ✓ Третото дополнување од ноември 2014 година („Сл.весник на РМ“ бр 172/14) беше во насока на определување на шифри за новиот акцизен производ - нафтен кокс, согласно измените во Законот за акцизите.

Во јуни 2014 година е донесен **Правилник за начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, ДДВ и акциза при увоз на стоки наменети за реализација на проекти кои се финансираат со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучени меѓу Република Македонија и странски донатори** („Сл.весник на РМ“ бр. 98/14), со кој е предвидено дека со добиените парични средства за реализација на проект нема да се плаќаат увозни давачки, даноци и акцизи. Пропишана е формата и содржината на барањето за остварување на ослободувањето, а утврдена е и потребната документација.

## ЦАРИНСКА ТАРИФА

Во декември 2014 година, е донесена **Одлука за усогласување и менување на царинската тарифа за 2015 година** („Сл. весник на РМ“ бр. 191/14). Со усогласувањето на Царинската тарифа за 2015 година целосно се транспонирани системот на имиња и нумерички ознаки (номенклатурата), единечните мерки и забелешки кон соодветните оддели и глави од Комбинираната номенклатура на ЕУ објавена во Службен весник на ЕУ бр. Л312 од 31.10.2014 година.

Измена е воведена и кај **Листите на стоки кои се увезуваат во рамки на тарифни квоти со намалени или укинати царински давачки** (листи кои се објавуваат два пати годишно)

во однос на листите од претходната година. Измената е во тоа што за квотите со ЕУ, покрај постојните, се применуваат и нови квоти утврдени со измената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ поради влезот на Хрватска во Европска унија. Распределбата на тарифните квоти се одвива по принципот „прв дојден, прв корисник“ преку информацискиот систем EXIM.

Во декември 2014 година, се објавени и **Листите на стоки кои се увезуваат во рамки на тарифни квоти со намалени или укинати царински давачки и кои ќе се применуваат во првото тромесечје на 2015 година** („Сл. весник на РМ“ бр.197/14).

## АКЦИЗИ

Во 2014 година се извршени три измени и дополнувања на Законот за акцизите:

Со првата измена на Законот, усвоена во март 2014 година („Сл. весник на РМ“ бр. 43/14) се пропиша рок за поднесување на барање за враќање на платената акциза; рок за пријавување на контролни марки за алкохолните пијалоци и тутунски добра и рок за подигнување на контролни марки; се прецизираше датумот за зголемување на акцизата на цигарите и фино сецканиот тутун; се пропиша обврска за производителите и увозниците на тутунски добра на денот на зголемувањето на акцизата да направат попис на залихи на тутунски добра и истиот да го достават до Царинската управа во рок од три работни дена. Воедно, се воведе и обврска производителите и увозниците да ја вкалкулираат новата акциза на тутунски добра на денот на зголемување на акцизата. Покрај ова, со измените беше воведена и обврската патничките автомобили ослободени од плаќање акциза да не смеат да се отуѓат ако за истите не се плати износот на акцизата за кој биле претходно ослободени.



Со измената од ноември 2014 („Сл. весник на РМ“ бр. 167/14) се воведе ново акцизно добро - нафтен кокс; се изедначи износот на акцизата по килограм за течен нафтен гас, независно од неговата намена; се пропиша рокот за поднесување на барањето за враќање на платената акциза за течниот нафтен гас; се воведе обврска за увозниците минералните масла кои содржат материи за обележување („црвена нафта“) да бидат обележани со пропишани количини на обележувачи; се воведе обврска трговците на мало со обележани минерални масла да водат евиденција на купувачите; се





воведе прекршочна одредба, доколку при увоз на минерални масла кои содржат материи за обележување се утврди дека не е правилно обележана; се предвиде одземање на моторното возило кое користи обележани минерални масла при повторното сторување на прекршокот; се воведе обврска сторителот на прекршокот задожително да го врати во странство несодветно обележаното акцизно добро; се зголеми глобата; се прецизираше надлежноста за водење на прекршоците сторени по Закон за акцизите и се дефинираа роковите за застареност.

Третата измена на Законот за акцизите беше донесена во декември 2014 г („Сл. весник на РМ" бр. 188/14), со која се зголеми акцизата на цигари од 1 јануари 2015 година.

Во 2014 година се извршени и две измени и дополнувања на Правилникот за спроведување на Законот за акцизи:

Првата измена од јуни 2014 година („Сл. весник на РМ" бр. 98/14) се однесува на уништување на контролни марки кои не се подигнати од страна на имателите на акцизна дозвола и увозниците во законски предвидените рокови; обврска за задолжително доставување информации за попис на залихи на тутунски добра при зголемувањето на износите за акциза за тутунските преработки на 1 јули секоја година; признавање на кало и растур од 0,3% од превземените контролни марки за обележување на тутунски производи; бришење на одредби од Правилникот кои се однесуваа на ослободување од акциза на минерални масла и патнички возила при увоз, за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори и ИПА.

Со втората измена на Правилникот од ноември 2014 година, („Сл.весник на Р.М." бр.172/14) се пропиша утврдување на енергетската вредност на нафтен кокс; се намали количинскиот услов на акцизен склад за пиво; се пропиша начинот на евиденција на трговците на мало со обележани минерални масла на купувачите; се овозможи издавање на контролни марки во број помал од 600 парчиња во случаи на користење на нестандардни пакувања, ексклузивни и ограничени серии и количини наменети за промотивни цели.

## ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Имајќи предвид дека застапниците се едни од клучните учесници во царинската постапка и од унапредувањето на нивните компетенции во добар дел зависи и подобрувањето на деловната клима, во декември 2014 година беше донесен нов **Закон за вршење на застапување во царинските постапки,** („Сл. весник на РМ" бр. 180/14). Со овој закон се зајакнаа критериумите за добивање на одобренија и лиценци за застапување и се дефинираше статусот царински застапник и лиценциран застапник. Царинската управа е определена како надлежен орган за издавање на лиценци за застапување во царинските постапки и е пропишан начинот и условите за добивање на одобрение и лиценца за

застапување во царинските постапки. Пропишани се и условите и критериумите за одземање на одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки, дефинирани се правата и обврските на царинските застапници и определени се соодветни прекршочни одредби.

Во октомври 2014 година донесен е **Правилник за висината на надоместоците за издавање на лиценца за вршење на застапување, идентификациска картичка, како и за полагање на стручен испит за лиценциран застапник** („Сл. весник на Р.М.“ бр. 147/14). Со овој правилник е определена висината на надоместокот кој треба да го платат кандидатите кои се пријавиле за полагање на стручен испит за лиценциран застапник. Исто така со овој Правилник е определен и износот на надоместокот што го плаќаат подносителите на барања за издавање на лиценца за вршење на застапување во царинските постапки и износот на надоместокот што го плаќаат лиценцираните застапници за издавање на идентификациска картичка.

## МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

На маргините на третиот Самит за соработка помеѓу Кина и земјите од Централна и Источна Европа, кој се одржа во Белград во декември 2014 година, беше **потпишан Рамковен договор за соработка во олеснувањето на царинењето помеѓу царинските служби на Народна Република Кина, Република Македонија, Република Србија и Унгарија.** Потпишаниот договор предвидува постојана размена на информации за спречување, откривање и борба против прекуграничниот криминал и царински измами, дополнителен придонес за забрзување и олеснување на легалната трговија како и поголема безбедност на меѓународниот синџир на трговијата. Рамковниот договор е потврда на веќе воспоставената одлична соработка со царинските служби на Србија и Унгарија, но и чекор во насока на понатамошно продлабочување на соработката со Царината на Кина преку склучување на Спогодба помеѓу двете земји за взаемна соработка и помош по царинските прашања.



# 3. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА




*Постојана и главна агенда на Царинската управа на Република Македонија како услов за пристапување кон ЕУ, се активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавна свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија.*

## УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЦАРИНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ

Во текот на 2014 година, согласно Законот за Царинска тарифа, донесена е **Уредба за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската Комисија** („Сл. весник на РМ" бр. 2/14), како и три измени и дополнувања на Уредбата („Сл. весник на РМ" бр. 65/14, 113/14 и 157/14) со кои се усвои распоредувањето на одредени стоки согласно Комбинираната номенклатура објавени во регулативите на Европската Комисија во „Службен весник на ЕУ".

## ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ

### Пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка

**НКТС на национално ниво (1 март 2014 година) ⟶ Спроведени голем број активности и исполнети низа технички услови ⟶ Позитивен извештај од оценски мисии ⟶ Препорака за пристап кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка ⟶ Пристап кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (средина на 2015 година).**

Со цел прилагодување на транзитниот систем на Република Македонија кон заедничкиот европски транзитен систем кој се базира на контрола и управување со транзитот со употреба на современи компјутерски системи, употреба на електронски транзитни декларации и техника на електронска обработка на податоци при спроведување на транзитните формалности, Царинската управа почнувајќи од 2010 година започна да работи на воспоставување на Новиот компјутеризиран транзитен систем, кој е целосно компатибилен со транзитниот систем на ЕУ.

НКТС официјално беше ставен во функција на национално ниво на 1-ви март 2014 година. За

непречено функционирање на системот и запознавање со новините кои тој ги носи, Царинската управа организираше многубројни обуки наменети за економските оператори, превозниците, компаниите и другите учесници во транзитната постапка. Воспоставувањето на Новиот компјутерзиран транзитен систем е од особено значење затоа што едногодишното користење на истиот е еден од условите за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (КЗТ).

Пристапувањето кон КЗТ е условено со исполнување на низа технички услови и спроведување на голем број на активности. Од овие причини, а со цел оценување на состојбата за подготвеноста на Република Македонија за преземање на обврските од пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата, од страна на DG TAXUD при Европската Комисија беа спроведени две мониторинг мисии (пред-оценска мисија во јули 2014 година и оценска мисија во јануари наредната година). Мисиите **од претставници од Европската Комисија – DG TAXUD и претставници на државите членки на конвенцијата** дадоа **позитивен извештај со** препорака до ЕУ-ЕФТА работната група за „Заеднички транзит" и „Поедноставување на формалностите при трговија со стоки" за пристапување на Република Македонија кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка.

**Од пристапувањето кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка**, односно кон НКТС системот за заеднички транзит, што се очекува на 1-ви јули 2015 година, придобивки **ќе имаат економските оператори, Царинската управа, но и државата во целост**. Имено, ќе се забрза протокот на стоки преку границите, значително ќе се намалат трошоците (помалку ресурси и средства за завршување на царинските формалности), ќе се зголеми конкурентноста на македонските економски оператори (увозници/извозници), Царинската управа ќе има помалку документи за обработка (значително ќе се намали обемот на формалностите кои се извршуваат на границите), а Република Македонија ќе докаже подготвеност за пристапување кон Царинската унија на Европската Унија.

## Пристапување кон интегрирана тарифна околина на ЕУ

**Интегрираната тарифна околина претставува бизнис концепт што групира повеќе компјутерски системи кои служат за размена на информации помеѓу Европската Комисија и земјите-членки на ЕУ. Главна цел на проектот е да ги усогласи царинските ИТ системи на Република Македонија со соодветните тарифни системи што ја сочинуваат Интегрираната тарифна околина на ЕУ.**

Проектот ИТО во Република Македонија, започна во октомври 2012 година и заврши во предвидениот рок - октомври 2014 година. Вкупниот износ на проектот изнесува 2.758.150 евра, од кои 2.428.425 евра се средства финансирани од страна на ЕУ, додека 329.725 евра се национално кофинансирање, обезбедени од страна на Владата на Република Македонија.

Пред пристапот во ЕУ, системот на ИТО на економските оператори во Република Македонија им ги овозможува следните придобивки:

- ✓ он-лајн (електронски) пристап преку ТАРИМ модулот до информациите кои претходно беа достапни како хартиени документи (царинските давачки, ДДВ, акцизи и националните нетарифни мерки, како што се ограничувањата при увоз и извоз);
- ✓ достапност на информациите и по истекување на нивниот рок на важење;
- ✓ пристап до модул за пресметки – можност за точна пресметка на царинските и другите давачки, како и добивање информации во однос на потребните документи за реализирање на увоз и извоз;

- ✓ побрз, поевтин, полесен и потранспарентен пристап до информации за економските оператори и
- ✓ подобрување на системот за превенција и препознавање на измами.

Искуството стекнато преку примена на националните мерки со употреба на системот на ИТО на национално ниво ќе овозможи полесен премин кон мерките на Европската Унија во моментот на зачленувањето.

## ЦАРИНА 2020 – ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Царинската управа на Република Македонија во периодот од 1ви април 2009 година до 31ви март 2014 година активно учествуваше во Програмата на Европската Комисија ЦАРИНА 2013, финансирана од средства на ЕУ и кофинансирана од буџетот на Република Македонија. Учеството во оваа програма е од особена важност, бидејќи овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со царинските служби на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Во рамките на оваа програма 117 претставници на Царинската управа добија можност да воспоставаат поблиски контакти со своите колеги од други земји и да разменуваат знаење, експертиза и искуства.

Со потпишувањето на новиот **Меѓународен договор помеѓу Република Македонија и Европската Унија за учество на Република Македонија во Програмата на Унијата - Царина 2020** („Сл. весник на РМ" бр.159/14), царинските службеници повторно имаат можност да учествуваат во новиот циклус кој го опфаќа периодот од 1ви април 2014 до 31ви декември 2020 година. Новина во  оваа програма покрај можноста за учеството во т.н. заеднички активности во кои спаѓаат семинари, работилници, работни посети и обуки е и можноста Царинската управа на Република Македонија да се поврзе со царинските и даночните системи на ЕУ (преку системот CCN\CSI).[1]

## Инструмент за техничка помош за размена на информации на Европската Комисија (TAIEX)

Во 2014 година, преку TAIEX инструментот за техничка помош се одржаа неколку работилници на различни теми: ревизија на регионалната Конвенција на правилата за потекло; борба против меѓународната трговија со нелегални стоки и кривични дела против интелектуална сопственост; спречување на перење пари и проценка на ризик од финансирање на тероризам; царинска вредност и управување со ризик.

## ИПА ПРОЕКТИ

Приоритетните активности на Царинската управа се насочени кон целосно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и усогласување со организациските барања, како и развој на административниот и институционалниот капацитет. Во рамки на Националната програма за искористување на фондовите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), Царинската управа се јавува како корисник на средства за следниве проекти:

- ✓ **Јакнење на  капацитетите на Царинската управа  за имплементација на царинското и акцизното законодавство (ИПА 2010)** чија главна цел е понатамошно усогласување на законодавството со acquis во областа на акцизите и царинското работење. **Проектот се одвива во рамки на два потпроекти,  и тоа**:

[1] CCN\CSI системот - Заедничка комуникациска мрежа и Заеднички системски интерфејс, техничко решение (мрежен премин) развиен од службите на Европската комисија за воспоставување на уникатна, безбедна и сигурна инфраструктура за размена на податоци која е задолжителна за комуникација помеѓу ИТ системите на DG TAXUD и соодветните системи во земјите-членки.



- **Хармонизација на законодавството и постапките со закодавството и добрата пракtика на ЕУ во областа на акцизите (ИПА 2010), кој ќе започне во** првиот квартал на 2015 година и ќе се реализира со помош на Царинската служба на Австрија како твининг партнер во период од 24 месеци.
- **Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока (ИПА 2010)** кој започна да се  имплементира во втората половина од 2014 година заедно со Царинската служба на Словенија, по воспоставувањето на НКТС. Целта на овој проект е во период од 24 месеци да се спроведат последните подготвки на регулативата и интерните процедури за членство во Конвенцијата за заеднички транзит.

✓ **Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост (ИПА 2011)** чија главна цел е зајакнување на капацитетот на Царинската управа во областа на заштита на правата од интелектуална сопственост.

✓ **Надградба на објектите за царинење на Граничниот премин за патен промет Табановце (ИПА 2012)**. Проектот опфаќа проширување на постојниот терминал за увоз и извоз на стока за дополнителни 4.000 м2, како и изградба на придружни објекти.

✓ **Реконструкција на објектите за царинење и инспекција на Граничниот премин за патен промет Ќафасан (ИПА 2013)** преку кој ќе се изгради нов увозно извозен царински терминал од 9.500 м2, пристапни патишта, објекти за царинење и други инспекциски органи како и реконструкција на постојните објекти.

Реализацијата на последните два проекти значително ќе ја подобри инфраструктурата на двата премини и ќе ја зголеми пропусната моќ на премините, ќе го намали времето потребно за вршење на граничните формалности и ќе овозможи примена на современи средства за инспекција, со што ќе се забрза и олесни стоковата размена, а воедно ќе се олесни и забрза транспортот долж Пан-европските коридори 8 и 10.

# 4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

*Менаџментот со човечки ресурси е важна алка од синџирот на менаџментот во институциите воопшто. Свесна за ова, Царинската управа и во 2014 година продолжи континуирано да инвестира во неговата надградба и развој, сметајќи ги како движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ, поточно за подобрување на делотворноста на институцијата како државен орган.*



## ОСНОВНА РАМКА

Основната рамка за управувањето со човечките ресурси е **Законот за Царинската управа**. Заради усогласување со новите законски решенија за администрацијата во Република Македонија, Царинската управа направи измени во Законот за Царинската управа („Сл. весник на РМ“ бр. 43/14 и бр.167/14). Со овие законски решенија се изврши групирање на царинските службеници и тоа нивните места се класифицирани во 3 категории:

» Б – раководни царински службеници,

» В – стручни царински службеници и

» Г – помошно-стручни царински службеници.

Во рамки на секоја категорија утврдени се повеќе нивоа на работни места на царинските службеници.

На почетокот на 2014 година Царинската управа донесе ревидирана **Стратегија за приоритетите, целите и развојот на човечките ресурси на Царинската управа 2015 - 2017 година**, во која е утврдена целта на управувањето со човечките ресурси, основните принципи и политиките за управување со човечките ресурси, како и стратешките активности за периодот 2015 - 2017 година. Унапредувањето на капацитетот за управување со човечките ресурси (вработување, распоредување, обуки и стручно оспособување, надградување и остварување кариера, механизми за мерење на учинок и механизми на професионална одговорност на вработените) резултира со стручни, ефикасни и компетентни вработени за реализирање на мисијата, визијата и целите на Царинската управа.

Со цел приближување кон политиките на управување со човечки ресурси на Светската царинска организација, во 2014 година донесени се **Стратегијата за имплементација на компендиумот на Светска царинска организација за управување со човечки ресурси за период 2015-2017 година и Акциониот план за нејзино спроведување.**

Во текот на 2014 година беа донесени 21 интерен акт со кои се дефинира управувањето со човечките ресурси.



## ВРАБОТУВАЊЕ

На почетокот на 2014 година Царинската управа донесе **Програма за вработување во Царинска управа во 2014 година**. Со Програмата се овозможува извршители со одредено академско и професионално знаење и способности да засноваат работен однос во Царинската управа. Со континуирано регрутирање на нов кадар се зголемува ефективноста и ефикасноста во остварување на надлежностите на Царинската управа. Реализацијата на Програмата е поддржана со **План за вработување**.

На крајот на 2014 година бројот на вработени лица изнесуваше 1.135 лица. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.006 лица се со статус на царински службеници, 13 лица се со статус на

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА**

| | Организациона единица | 31.12. 2013 | 31.12. 2014 |
|---|---|---|---|
| 1. | Кабинет на генерален директор | 12 | 10 |
| 2. | Одделение за меѓународна соработка | 5 | 6 |
| 3. | Одделение за внатрешна ревизија | 3 | 3 |
| 4. | Одделение за царинско управна постапка и | 18 | 16 |
| 5. | Одделение за прекршочна постапка | 20 | 27 |
| 6. | Одделение дежурен царински центар | | 18 |
| 7. | Сектор за управување со човечки ресурси | 17 | 17 |
| 8. | Сектор за административни и технички | 177 | 183 |
| 9. | Сектор за ІКТ | 25 | 28 |
| 10. | Сектор за сметководство и финансии | 39 | 39 |
| 11. | Сектор за професионална одговорност | 17 | 15 |
| 12. | Сектор за Царински систем | 41 | 29 |
| 13. | Сектор за акцизи и нетарифни мерки | | 17 |
| 14. | Сектор за контрола и истраги | 115 | 91 |
| 15. | Регионална Царинарница Скопје | 233 | 214 |
| 16. | Регионална Царинарница Битола | 111 | 119 |
| 17. | Регионална Царинарница Гевгелија | 129 | 127 |
| 18. | Регионална Царинарница Куманово | 126 | 122 |
| 19. | Регионална Царинарница Штип | 53 | 54 |
| | Вкупно | 1.141 | 1.135 |



државни службеници и 114 лица се со статус на работници. Во однос на стручната подготовка, 24 вработени се магистри, 629 се со високо образование, 19 се со вишо образование, 431 се со средно образование и 32 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 57,5% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование. Во текот на 2014 година реализирани се вкупно **23 нови вработувања**.

**Стручна подготовка на вработените во Царинската управа**




## ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

Во текот на 2014 година, во делот обуки и стручно оспособување беа донесени следните акти:

- ✓ **Стратегија за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници 2014 - 2016;**
- ✓ **Годишен план за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници за 2014 и 2015 година;**
- ✓ **Упатство за практикантска работа во Царинската управа;**
- ✓ **Програма за волонтерство;**

- ✓ **Прирачник за стратешко планирање;**
- ✓ **Годишна програма за обука на државните службеници за 2015 година;**
- ✓ **Програма за обуки на Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација во Скопје;**
- ✓ **Ревидиран Каталог на обуки за стручно оспособување и усовршување на царинските службеници.**

Со **Годишниот план за обуки и стручно оспособување** и усовршување за 2014 година беа предвидени 40 настани на годишно ниво во вид на обуки, курсеви за електронско учење и презентации кои Царинската управа самостојно ги изведува, од кои се реализирани 37 настани (реализација од 92,5%). Темите на кои беа организирани обуките се фокусираа на ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на Царинската управа и нејзините вработени, како што се контролата на примена на законите, спречување на внесување нелегална стока и навремена наплата на царинските и други давачки.

Во 2014 година, се спроведени **302 активности** за стручно оспособување на царинските службеници, на кои присуствуваа **3.077 учесници**.[2] Во просек секој учесник има следено обука во времетраење од 7 часа. Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просечно времетраење од 18,8 часа.

Од позначајните обуки во 2014 година се следниве: спроведување на контрола на квалитет на извршени теренски контроли во трговски друштва; заштита на права од интелектуална сопственост; јакнење на личниот и професионалниот интегритет и етика; стратешко планирање и комуникација; лидерство; планирање на приходи од акцизи; потекло на стоки; царинска тарифа и начин на земање и постапување со мостри; пост-царинска ревизија и контрола; анализа на слики од рентгенско скенирање; жените во граничната безбедност и управување; лидери денес и утре и други.

Во рамки на **Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност** при Амбасадата на САД, во текот на 2014 година се одржаа обуки за: откривање радијација; ракување со рачен детектор на експлозиви и наркотици модел Vapor Tracer 2; попречување оружје за масовно уништување, како и Семинар на тема „Основи на контрола на стратешката трговија" и курс за спречување нелегални активности со комерцијални моторни возила. Во рамки на оваа програма беше организирана и студиска посета за размена на најдобри практики во анализа на ризик согласно со заедничкиот интегриран модел на ЕУ за анализа на ризик и обука за попречување оружје за масовно уништување.

Како резултат на интензивирање на активностите во 2014 година, Царинската управа во соработка со стопанските комори, економските оператори и други институции организираше и одржа 21 настан во вид на советувања, презентации и обуки на кои учествуваа 430 претставници од бизнис заедницата, како и вработени во институции чии работни процеси вклучуваат царинска постапка. Како поважни теми кои беа разгледувани на овие настани беа темите од областа на Интегрирана тарифна околина, царинскиот долг, царинските прекршоци, Закон за акцизите, Новиот компјутеризиран транзитен систем, царинската тарифа, Софтверот за обработка на царински декларации и акцизни документи и друго.

Одржана е и **основна обука** за нововработени и унапредени царински службеници со која беа обучени 27 царински службеници.

Во текот на изминатата година Царинската управа им овозможи на **95 студенти** од

---
[2] Од 1.135 вработени (во декември) 890 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки

факултетите со кои се склучени меморандуми за соработка, преку **практикантска работа** да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа.

За остварување на политиката за избор, вработување и воведување во работата, согласно Стратегијата за управување со човечки ресурси, донесена е Програма за волонтирање за 2014 година, според која **9 волонтери** извршуваа работи и работни задачи во царинарниците Скопје, Куманово, Гевгелија, Штип и Битола.

## ИНТЕГРИТЕТ

**На ниво на една организација, интегритет значи „отпорност на корупција", додека системот за интегритет го означува збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени. Во насока на превенција на злоупотребата на службените должности и на појавата на коруптивни активности, како и за развој на поставените професионални стандарди за вработените, во текот на 2014 година во Царинската управа се донесени две процедури и три интерни упатства.**




Со цел зајакнување на интегритетот на вработените, Царинската управа презеде и низа мерки за откривање евентуална злоупотреба на службена должност на вработените, меѓу кои и редовни инспекции на спроведување на царинските прописи од страна на сите организациони единици во Царинската управа.

Во 2014 година спроведени се **137 внатрешни истраги/контроли**. Притоа, во 25 случаи е утврдено основано сомнение дека царинските службеници постапувале спротивно на позитивната законска и подзаконска регулатива. Додека пак, од вкупно извршените **94** внатрешни инспекции, во 23 случаи констатирани се неправилности.

Царинската управа активно учествува во реализација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011- 2015 година. Во реализацијата на државните програми Царинската управа има највисок степен на реализација на активностите односно 77%, во споредба со сите останати институции надлежни за спроведување на програмските активности.

**Борба против корупција**




**Борба против корупција дисциплински мерки**



Во 2014 година се донесени 234 решенија со кои се изречени дисциплински и други мерки и 24 решенија за еднократно намалување на платата за 15%. Од Основните кривични судови се донесени вкупно 16 правосилни кривични пресуди, од кои 10 пресуди се донесени врз основа на спогодба со јавниот обвинител.

Со цел олеснување на секојдневното работење и овозможување правилна примена на законските и подзаконски акти, на интранет страната на Царинската управа објавен е **Водич за најчести грешки и пропусти во севкупното работење за 2014 година**.

Покрај овие активности, Царинската управа учествува и во реализација на т**вининг проект „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“**, финансиран од ЕУ преку програмата ИПА 2010. Проектот има за цел подобрување на имплементацијата на националните правни рамки поставени за борбата против корупцијата, зајакнување на националните механизми за превенција и борба против корупцијата, како и подобрување на соработката на надлежните државни институции.

Царинската управа особено внимание посветува на мислењето, ставовите на бизнис – заедницата и нивните перцепции за нивото на изложеност и присутност на корупцијата во институцијата. За таа цел, во декември 2014 година на веб страната на Царинската управа е поставен **Анкетен прашалник за корупција**, наменет за субјектите кои учествуваат во царинските постапки.




## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

**Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно, разумно и објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. Утврдените наоди и дадените препораки на внатрешната ревизија се алатка на менаџментот за подобрување на моменталната состојба, минимизирање на слабостите и подобрување на ефикасноста на работењето.**

Во 2014 година, во Царинската управа се извршени вкупно 18 внатрешни ревизии (во 2013 година, 20 ревизии). Врз основа на извршените ревизии утврдени се 60 наоди и дадени се 57 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа. Од вкупно дадените препораки целосно се реализирани 43 препораки, 2 препораки делумно, а во тек на реализација се 12 препораки.



## ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ И РЕВИЗИИ

**Во текот на 2014 година извршени се повеќе инспекциски контроли и ревизии на работењето на Царинската управа од страна на следните инспекциски тела:**

1. **Државен завод за ревизија изврши две ревизии на успешност и тоа:**

» Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната управа и

» Услови за функционирање на граничните премини во Република Македонија.

2. **Државниот управен инспекторат** изврши инспекциски надзор на целокупното работење во Централната управа, Царинарница Скопје, Царинарница Куманово, Царинарница Гевгелија, Царинарница Битола и Царинарница Штип.

3. **Дирекцијата за заштита и спасување**, во однос на примената на Законот за заштита и спасување, изврши сукцесивни инспекциски контроли во царинската испостава Богородица - на граничниот премин и терминалот; на граничниот премин Дојран, граничниот премин Ново Село и во царинската испостава Гевгелија.

4. **Државниот комунален инспекторат** изврши одвоени инспекциски контроли на граничните премини и тоа: две одвоени контроли на граничниот премин Табановце , две одвоени контроли на граничниот премин Ќафасан, две одвоени контроли на граничниот премин Меџитлија и по една контрола на граничните премини Свети Наум, Блато, Стење, Блаце, Богородица и Стар Дојран.

5. **Државниот инспекторат за транспорт** изврши контрола на поставената вертикална и хоризонтална сигнализација на граничниот премин Стар Дојран и граничниот премин Богородица.

## СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ

**Самостојниот синдикат на Царинската управа е доброволна организација на работници, која води грижа за работниците, со залагање за зачувување и унапредување на условите за работа.**

Во текот на 2014 година, согласно Правилникот за користење на средства од синдикална членарина за солидарна помош, синдикатот додели парична помош во висина од една плата на повеќемина нејзини членови. Како организација надлежна за остварување на правата на работниците Синдикатот обезбедува и бесплатна правна помош за своите членови и активно учествува при измените и дополнувањата на Колективниот договор. Во овој период Самостојниот синдикат реализираше повеќе работни посети по Царинарници.

# 5. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

*Континуирано работење на олеснување и забрзување на царинските постапки и градење на модерна институција што ќе биде рамноправен партнер на компаниите како клучен двигател на економијата, беа едни од основните цели на Царинската управа во текот на 2014 година.*

## ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И АКЦИЗНИТЕ ПОСТАПКИ

Согласно измените на законодавството кое се однесува на преференцијалните давачки и согласно договорите за слободна трговија, ДДВ стапките, акциза и пропишаните нетарифни мерки, изработен е **Водич за царинење на стоки 2014 година**, каде се внесени податоците кои произлегуваат од **Одлуката за усогласување и менување на царинската тарифа за 2015 година** („Сл. весник на РМ“ бр.191/14). Со цел истиот да биде бесплатно достапен до што поголем број на корисници, објавен е на интернет страната на Царинската управа.

Со цел олеснување на работењето на економските оператори и поедноставување на условите за спроведување на царински формалности, во 2014 година донесени се следните интерни акти: **Упатство за сукцесивен увоз, Прирачник за Овластен економски оператор, Упатство за спроведување на царинската постапка во Технолошки индустриски развојни зони (ТИРЗ), Упатство за гаранции и Упатство за одложување на плаќање на царински долг**.

**Комитет за следење, анализа и унапредување на деловната клима во областа „Прекугранична трговија” согласно Doing Business од Светска Банка**

Во текот на 2014 година Царинската управа дизајнираше и спроведе повеќе мерки и активности за подобрување на бизнис климата. Нивната целосна примена во деловната практика доведе до намалување на потребните документи и времетраењето на царинската постапка, што несомнено допринесува за дополнително забрзување, поевтинување и олеснување на прекуграничната трговија и транспортот.



Во тој контекст е воведувањето на национално ниво на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) и Интегрираната тарифна околина (ИТО), потпишувањето на Протокол за уредување на постапки за побрз проток на жива стока, стока во свежа состојба, ADR (опасни материи) и празни камиони на граничните премини Табановце и Богородица, донесувањето на Законот за вршење на работи на застапување во царинските постапки и ново Упатство за приложени документи кон Единствениот царински документ (ЕЦД), како и одржувањето на повеќе обуки и работилници за економските оператори со кои беа запознаени со сите поедноставувања и олеснувања што ги овозможува Царинската управа.

*Предложени мерки од страна на ЦУ за подобрување на деловната клима:*

- *Воведување на нов СОЦДАД;*
- *Унапредување на EXIM;*
- *Донесување на нов Закон за застапување во царинските постапки;*
- *Доследна примена на новото Упатство за приложени документи кон ЕЦД;*
- *Доследна примена на Протоколот за уредување на постапки за побрз проток на жива стока, стока во свежа состојба, ADR (опасни материи) и празни камиони на ГП Табановце и Богородица;*
- *Воведување на концептот на заеднички гранични контроли со соседните земји;*
- *Реализација на Проектот за надградба на објектите за царинење и контрола на ГП Табановце автопат и Проектот за надградба на објектите за царинење и објектите за инспекциските органи на ГП Кафасан.*

## АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ

**Електронскиот систем за управување со документи** (воведен во 2009 година, а задолжителен за примена од 2010 година), овозможува електронско движење на документите во Царинската управа. Преку овој систем се управуваат 179 работни процеси (Workflow–WF), со претходно дефинирани деловни процеси, кои произлегоа како резултат на претходно спроведена анализа. Во 2014 година во системот беа регистрирани 1.130 корисници, остварени се 322.109 пристапи и креирани се 89.442 предмети.

## Е - ЦАРИНА

### Нов софтвер за обработка на царински декларации

**Царинската управа, согласно заложбите за обезбедување на квалитетна информатичка поддршка на процесирањето на царинските декларации при спроведување на царинските постапки и воведување на бесхартиено царинско работење, имплементира нов Систем за обработка на царинските декларации и акцизните документи.**

Во текот на 2014 година продолжија активностите за развој на новиот СОЦДАД, чијшто развој започна во мај 2012 година, а кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA. Во тек се подготовки на соодветните системски веб сервиси кои ќе бидат наменети за електронско поврзување со надворешните корисници. Поврзувањето на овој систем со системите кои веќе функционираат во Царинската управа (НКТС, ИТО и EXIM) е усогласено и следи негова реализација паралелно со напредокот на проектот.

Со воведувањето на СОЦДАД, Царинската управа ќе обезбеди имплементирање на безбедно, интероперативно ИТ решение во согласност со стандардите на Светската царинска организација и ЕУ, целосно бесхартиена околина при спроведување на царинските и акцизните постапки, преку размена на електронски податоци со економските оператори и другите државни институции, забрзување на царинските и акцизните постапки за економските оператори и целосна компатибилност со системите на ЕУ.




## EXIM

**Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти EXIM, кој е во функција од 2008 година, од година во година станува се пософистициран, зголемувајќи ја ефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрирани корисници.**

Апликацијата EXIM беше унапредена во 2014 година со цел обезбедување поефикасно функционирање и негова интеграција со нови системи, како и имплементација на новите прописи и барањата на корисниците.

На крајот од 2014 година, во EXIM беа **регистрирани 5.275 економски оператори** – корисници на системот, кои преку 11 државни органи (од 16 регистрирани), директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за **60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти**. Во текот на 2014 година преку EXIM се **издадени 79.018 дозволи. Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на 2014 година изнесуваше околу 2,5 часа**.

| СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **2013** | **2014** |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 59 | 60 |
| Број на економски оператори корисници на EXIM | 4.563 | 5.275 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 74.491 | 79.018 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 3.930 | 6.850 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 2.4 часа | 2.5 часа |

Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (30 илјади), ветеринарни документи (13 илјади), потврди за органолептички преглед (10,4

илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (9,4 илјади) и лекови и медицински помагала (8,5 илјади).

| БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM | | |
|---|---|---|
| **Име на дозволата** | **2013** | **2014** |
| Одобрение за увоз на ветеринарно медицински апарати | 175 | 179 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 551 | 456 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 556 | 414 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 12.697 | 12.840 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 28.031 | 29.930 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 124 | 125 |
| Дозвола за извоз на прекурсови | 168 | 167 |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанци | 498 | 590 |
| Дозвола за увоз на прекурсови | 255 | 303 |
| Одобрение за увоз на лекови | 3.497 | 3.897 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 4.238 | 4.654 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 1.298 | 1.327 |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанци | 152 | 152 |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 1.155 | 1.358 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 8.654 | 9.377 |
| Потврда за извршен органолептички прглед и земени мостри | 9.678 | 10.380 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата* | 187 | 0 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | 517 | 468 |
| Други дозволи | 2.060 | 2.401 |
| Вкупно: | 74.491 | 79.018 |
| *Одобрението е укинато во јули 2013 година | | |

## Портал за електронска комуникација

**Во рамки на Интегрираниот информативен систем на Царинската управа, на интернет страницата на Царинската управа е поставен Портал за електронска комуникација, преку кој надворешните корисници можат да пребаруваат над 70 стандардни, електронски контролирани барања, кои во Царинската управа електронски се архивираат, процесираат и враќаат до барателите. Преку ПЕК корисниците добиваат достапност на услугите на Царинската управа 24/7, заштеда на време и трошоци поради електронско поднесување и преземање на документацијата и намалување на времето потребно за добивање одговор на барањата.**

На крајот на 2014 година во ПЕК беа р**егистрирани 428 надворешни корисници**. Надворешните корисници преку ПЕК доставија **33.214** барања од кои **4.847 беа одобрени**. Најголем дел од издадените барања се однесуваат на ослободување од плаќање на увозни давачки (1.453), по што следат поедноставените постапки при увоз (339).



## ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ

### Застапување во царински постапки

Бројот на компании што на крајот на 2014 година имаа одобрение за вршење работи на застапување во царински постапки изнесуваше 345 компании, што е за 13 повеќе од активните одобренија на крајот од 2013 година. Бројот на физички лица - иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки, на крајот на 2014 година изнесуваше 1.216, што е за 84 повеќе од бројот на издадени лиценци во 2013 година.

| СОСТОЈБА НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | |
|---|---|
| **Вид на одобрение** | **2014** |
| **Одобрение за царинско застапување** | 345 |
| **Лиценца за царинско** | 1.216 |
| **Царински постапки со економски ефект** | 5.869 |
| Одобрение за увоз за облагородување | 174 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 18 |
| Одобрение за царинско складирање | 78 |
| Преработка под царинска контрола | 1 |
| Одобренија за еднократна примена | 4.793 |
| **Поедноставени царински постапки** | 236 |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 51 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 89 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 65 |
| Одобрение за овластен испраќач | 29 |
| Одобрение за поедноставено декларирање | 2 |
| **Задолжителна тарифна информација** | 525 |
| **Одобрение за одобрен извозник** | 108 |
| **Одобрение за одложено плаќање на долг** | 131 |
| **Вкупно** | 8.430 |

### Поедноставени царински постапки

Царинската управа во континуитет работи на промоција на одобренијата за поедноставени постапки како еден од најсовремените методи за олеснување и забрзување на царинските



формалности. Одобренијата за поедноставените царински постапки го одразуваат капацитетот на економските оператори и на Царинската управа за управување со ризиците, но воедно овозможува и забрзување на увозот и извозот и намалување на трошоците.

**236 одобренија за поедноставени постапки** беа активни на крајот на 2014 година, од кои 51 одобрение за локално царинење при увоз, 89 одобренија за локално царинење при извоз, 65 одобренија за овластен примач во транзит, 29 одобренија за овластен испраќач и 2 одобренија за поедноставено декларирање.

## Царински постапки со економски ефект

Најзастапен вид царинска постапка со економски ефект е увозот за облагородување, по што следи извозот за облагородување и царинско складирање. Имателите на ваков вид на одобренија во најголем процент припаѓаат на текстилната индустрија, по што следат иматели од областа на чевларската индустрија и металургијата.

На крајот на 2014 година, **174** трговски друштва се иматели на одобрение за увоз за облагородување и **18** трговски друштва поседуваат одобрение за извоз за облагородување. Истовремено, **78** трговски друштва поседуваат одобрение за царинско складирање.

Покрај претходно наведените одобренија за царински постапки со економски ефект кои имаат повеќекратна употреба, Царинската управа издава и одобренија за царински постапки со економски ефект за еднократна употреба. Во декември 2014 година беа издадени вкупно **314** одобренија од овој вид, од кои **11** одобренија за поедноставен увоз за облагородување, **184** одобренија за привремен увоз со целосно ослободување, **40** одобренија за привремен увоз со делумно ослободување и **74** одобренија за привремен извоз заради поправка.

Досега, во Република Македонија издадено е едно уверение за овластен економски оператор ОЕО-Ф.

## Задолжителна тарифна информација

Заклучно со декември 2014 година, важечки беа 525 Задолжителни тарифни информации (ЗТИ) (481 на крајот на 2013 година). ЗТИ ја издава Царинската управа по писмено барање од страна на правно или физичко лице за утврдување на тарифната ознака за одреден тип на стока, со цел да се утврдат царинските и другите давачки или примена на нетарифни мерки за планиран увоз или извоз. ЗТИ има важност од 3 години и придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки во делот на тарифно распоредување на стоките, за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори, како и за еднообразна примена на Царинската тарифа и правилна наплата на царинските давачки.

## Одобрение за одобрен извозник

Бројот на издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со крајот на 2013 година изнесува 93. Овој број континуирано се зголемуваше во текот на 2014 година, па така вкупниот број на активни издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со декември 2014 година изнесуваше 108 одобренија. Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува поедноставување на постапката за докажување на потеклото при извоз, односно му се овозможува да изготвува изјави во фактура со кои го докажува преференцијалното потекло без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата. Ова е особено важно доколку извозникот веќе поседува и одобрение за локално царинење и извозната постапка ја извршува надвор од царинските терминали и надвор од работното време.

## Одобренија за одложено плаќање на царински долг

На крајот на декември 2014 година беа активни **131 одобрение за одложено плаќање на царински долг**, што е за 16 одобренија помалку во однос на крајот на 2013 година кога беа активни 147 вакви одобренија.

## Одобренија за акцизно повластено користење и акцизни дозволи

На крајот од 2014 година, вкупниот број на активни акцизни дозволи по економски оператори изнесува 83 (во 2013 година изнесува 81). На крајот од 2014 година вкупниот број на одобренија за акцизно повластено користење изнесува 329 (во 2013 година 319).

| СОСТОЈБА НА АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | | |
|---|---|---|
| **Вид на одобрение** | **2013** | **2014** |
| Акцизи | | |
| Акцизни дозволи | 81 | 83 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 319 | 329 |
| **Вкупно** | **400** | **412** |



## ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ

**Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА.**

Реализираниот надворешен трговски промет во 2014 година, за кој е користен доказ за преференцијално потекло, изнесува 325,7 милијарди денари и е зголемен во однос на 2013 година кога изнесувал 278,5 милијарди денари. Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ и изнесува 261,1 милијарди денари или 80,2%. Размената со земјите членки на ЦЕФТА во 2014 година изнесува 49,5 милијарди денари или 15,2% од вкупно остварениот промет со преференцијално потекло, од што најголем процент отпаѓа на трговската размена со Србија.

**ВКУПНО КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА (Во милијарди денари)**

| Договорна страна | Увоз и извоз | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2013 | | 2014 | |
| | МКД | % | МКД | % |
| ЕУ | 214.6 | 77.1 | 261.1 | 80.2 |
| ЕФТА | 1.7 | 0.6 | 1.5 | 0.5 |
| ЦЕФТА | 50.3 | 18.0 | 49.5 | 15.2 |
| Албанија | 3.5 | 1.2 | 3.6 | 1.1 |
| Б и Х | 5.8 | 2.1 | 6.3 | 1.9 |
| Црна Гора | 1.4 | 0.5 | 1.5 | 0.5 |
| Косово | 8.9 | 3.2 | 9.1 | 2.8 |
| Србија | 26.3 | 9.4 | 25.5 | 7.8 |
| Хрватска* | 4.4 | 0.0 | | |
| Молдавија | 0.0 | 0.0 | 3.5 | 1.1 |
| Турција | 11.4 | 4.1 | 13.1 | 4.0 |
| Украина | 0.5 | 0.2 | 0.4 | 0.1 |
| Вкупно | 278.5 | 100.0 | 325.7 | 100.0 |

*почнувајќи од 01.07.2013 година вредноста за Хрватска е вклучена во рамки на ЕУ

## ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ

**Во 2014 година беа обработени 990,1 илјади царински декларации** од кои најголемиот дел се однесуваат на увоз (42%) и транзит (околу 37%), по кои следи извозот со 18,5% од вкупно обработените декларации. Учеството на поедноставените постапки во вкупните извозни и увозни постапки изнесува 28%. Притоа, поедноставените постапки во извозот учествуваат со околу 40%, а во увозот со 23%.

| БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ ВО 2014 ГОДИНА (Во илјади) | | |
|---|---|---|
| **Вид на царинска постапка** | **2013** | **2014** |
| Транзитна | 359.7 | 363.0 |
| Извоз | 173.1 | 183.4 |
| Редовен извоз | 103.8 | 107.9 |
| Поедноставена постапка при извоз | 67.2 | 72.8 |
| Привремен извоз | 2.2 | 2.7 |
| Увоз | 388.6 | 417.4 |
| Редовен увоз | 277.0 | 288.8 |
| Поедноставена постапка при увоз | 80.1 | 96.0 |
| Царинско складирање | 6.5 | 6.5 |
| Привремен увоз | 22.3 | 22.9 |
| Увоз на привремено извезена стока | 2.7 | 3.0 |
| Реекспорт | 25.6 | 26.3 |
| **Вкупно** | **947.0** | **990.1** |

*не се вклучени документи од царинска постапка за уништување на стока (IMA9, IMZ9) и непотполни декларации (IMB4, IMB5, IMB7)

**Споредбено со 2013 година, во 2014 година забележано е зголемување на бројот на обработени царински декларации за околу 4,6 %.** Бројот на обработени увозни царински декларации во 2014 година, споредбено со 2013 година е зголемен за околу 7,4%, а бројот на извозни декларации бележи зголемување за околу 6% во 2014, споредено со 2013 година. Во 2014 година обработени се и повеќе транзитни декларации и тоа за околу 0,9%, во споредба со 2013 година.





## ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

**Во 2014 година преку граничните премини за патен сообраќај вкупно транзитирале над 845 илјади ТМВ**, од кои околу 515 илјади полни, а околу 330 илјади празни ТМВ. Најголем промет е остварен на граничните премини со Грција и тоа околу 312 илјади ТМВ или околу 37%. Најголем промет по поединечни премини е остварен на ГП Богородица со околу 30% од вкупниот промет. За споредба, во текот на 2013 година на граничните премини за патен сообраќај транзитирале околу 870 илјади ТМВ, од кои 558 илјади полни, а околу 312 илјади празни ТМВ.

**ВКУПЕН ПРОМЕТ НА ТМВ ПО ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ (ВО ИЛЈАДИ)**

| Граничен премин | | 2013 | | | 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно |
| **Косово** | Блаце | 62.7 | 58.3 | 121.0 | 41.9 | 59.7 | 101.7 |
| | Јажинце | 0.0 | 4.4 | 4.4 | 0.0 | 3.7 | 3.7 |
| | Вкупно | **62.7** | **62.8** | **125.5** | **41.9** | **63.4** | **105.3** |
| **Србија** | Табановце | 208.6 | 44.3 | 253.0 | 186.6 | 48.2 | 234.8 |
| | Пелинце | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | Вкупно | **208.6** | **44.3** | **252.9** | **186.7** | **48.3** | **235.0** |
| **Бугарија** | Деве Баир | 31.2 | 18.6 | 49.8 | 24.2 | 19.7 | 43.8 |
| | Делчево | 16.9 | 13.1 | 30.0 | 16.5 | 14.8 | 31.2 |
| | Ново Село | 19.9 | 18.2 | 38.1 | 21.8 | 22.7 | 44.5 |
| | Вкупно | **67.9** | **50.0** | **117.9** | **61.9** | **57.2** | **119.0** |
| **Грција** | Дојран | 30.8 | 18.9 | 49.7 | 23.8 | 19.0 | 42.8 |
| | Богородица | 140.1 | 89.1 | 229.2 | 156.8 | 95.9 | 252.7 |
| | Меџитлија | 7.4 | 12.4 | 19.9 | 6.1 | 10.5 | 16.7 |
| | Вкупно | **178.3** | **120.4** | **298.7** | **186.6** | **125.5** | **312.2** |
| **Албанија** | Стење | 0.3 | 4.2 | 4.4 | 0.4 | 1.5 | 1.9 |
| | Ќафасан | 39.0 | 27.9 | 66.9 | 37.1 | 31.5 | 68.6 |
| | Св. Наум | 0.1 | 0.8 | 0.8 | 0.3 | 0.5 | 0.8 |
| | Блато | 0.9 | 1.9 | 2.7 | 0.5 | 1.7 | 2.2 |
| | Вкупно | **40.2** | **34.8** | **75.0** | **38.2** | **35.2** | **73.4** |
| **Вкупно** | | **557.8** | **312.3** | **870.1** | **515.2** | **329.7** | **845.0** |

# 6. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ



*Царинската управа спроведува контрола на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство.*

## ОСНОВНА РАМКА

Во 2014 година Царинската управа продолжи да ги унапредува системите за анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, истраги и работата на специјалните единици.

Со цел успешно извршување на надлежностите од оваа област, Царинската управа во 2014 година донесе:

- ✓ **Стратегија за спречување на нелегалното производство, промет и шверц на тутун и тутунски производи за 2014 - 2016 година;**
- ✓ **Стратегија за заштита на права од интелектуална сопственост 2014 - 2016 година;**

Покрај наведените стратегии, во 2014 година, со цел уредување на работењето на организационите единици на Секторот за контрола и истраги во делот на царинското разузнавање, истрагите, мобилните тимови, спроведувањето на пост-царинските контроли **беа донесени 10 интерни упатства и процедури**, изработени согласно стандардот ИСО 9001:2008 меѓу кои и:

- ✓ **Процедура за постапување при откривање на непријавени готови парични средства и вредносници и утврдување на нивното потекло;**
- ✓ **Упатство за вршење на селективни контроли во царинското работење и**
- ✓ Измена и дополнување на **Упатство за спроведување на Законот за надзор на пазарот.**

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ

## Управување со ризици

**Во областа на управувањето со ризици и во 2014 година се спроведуваа активности за утврдување и профилирање на ризици и начинот на вршење царински надзор во согласност со спецификите, на пошти, брзи пратки и карго, стоково царинење поединечно за секоја царинска испостава, патниците и личниот багаж за секој граничен премин поединечно, поедноставени царински постапки, како и во царински складишта.**

# ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Физичката царинска контрола претставува контрола на законитоста на влез, излез и транзит на стока и патници во царинското подрачје на Република Македонија и декларирањето на видот и количината на стоката за нејзино царинење. Со примена на системот за анализа на ризик, во 2014 година, во соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, физичката царинска контрола резултираше со над 683 успешни наоди, при што беа опфатени стоки по 845 критериуми.

# СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА

Во 2014 година во повеќе од 34 акции е спречен обид на шверц на дрога од околу 150 килограми разни видови на дрога од кои 126 кг марихуана, 22 кг хероин, 96 парчиња метамфетамин таблети, 1 кг. амфетамини и други видови дроги како псилоцин, магични печурки, хашиш и кокаин.



*На ГП Блато при влез во државата запленети се 975 гр. марихуана.*



*Откриени 7 пакувања хероин со тежина од 1.935 грама кај албанска државјанка на ГП Богородица при влез во државата со автобус.*



На ГП Богородица спречен обид за шверц на 1,2 кг. хероин сокриен во тетрапак пакувања за сок.



На ГП Табановце спречен обид за шверц на 14 кг. марихуана во возило со полски регистарски таблици.



На ГП Блаце при преглед на патничко возило со германски регистарски таблици со употреба на карински кучиња пронајдени се 6 кг. марихуана

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И РАСПРСКУВАЧКИ МАТЕРИИ И ПРЕДМЕТИ

Во 23 обиди во 2014 година спречен е шверц на над 15 илјади парчиња стока меѓу кои: пиштол, боева и ловечка муниција, петарди, ракети и огномети.



*На ГП Делчево при влез во државата е откриен шверц на 20 парчиња ловечка муниција.*



*На ГП Блаце при влез во државата се запленети еден пиштол, 2 шаржери и 13 парчиња муниција.*

## СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Во 2014 година, во **38** случаи Царинската управа откри **572** мигранти во обид нелегално да ги преминат границите на Република Македонија.



*Во август од страна на мобилен тим на патот Гевгелија-Смоквица во камион се откриени 15 мигранти.*



*Во април при рутинска контрола на ГП Богородица, на влез во Република Македонија, во специјално преграден дел во германски камион, пронајдени се пет сомалиски државјани.*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ЦИГАРИ И ДРУГИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Во 74 акции, Царинската управа во 2014 година, спречи шверц на 642.270 парчиња цигари и 63 килограми режан тутун.



*На ГП Табановце при излез од државата се откриени непријавени 2.757 парчиња цигари сокриени во против пожарен апарат.*



*На ГП Богородица при излез од државата се откриени непријавени и сокриени 3.880 парчиња цигари.*



*Во февруари на ГП Делчево при рутинска контрола откриени се 2.413 парчиња цигари (13 штеки).*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛЕН ПРЕНОС НА ГОТОВИ ПАРИ И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Во текот на 2014 година, откриени се 80 обиди за нелегално пренесување на готови пари и хартии од вредност во различни валути, во противвредност од околу 3 милиони евра (778.635 евра, 141.400 американски долари, 1.960.895 евра во чекови и 130.180 швајцарски франци).



*На ГП Аеродром при влез во државата се откриени и одземени 3.000 евра.*



*На ГП Меѓитлија при излез од државата се откриени и одземени 97.300 американски долари.*

**Покрај наведените заплени, како поинтересни случаи на заплена можат да се издвојат и следните:**

- ✓ во 8 обиди спречен е шверц на 1.748 живи животни, украсни риби и желки;
- ✓ во 55 обиди спречен е шверц на 27.720 парчиња прехрамбени производи, додатоци во исхрана, спирулина, 14.548 кг. свежо овошје, месни и други прехранбени производи и 1.078 литри алкохолни и безалкохолни пијалоци;
- ✓ во 31 обид спречен е шверц на околу 30.500 парчиња лекови, ампули, стоматолошки и медицински материјали и помагала;
- ✓ во 49 акции спречен е шверц на околу 5 кг златен накит, околу 5,3 кг сребрен накит и околу 12.300 парчиња бижутерија и
- ✓ во 135 обиди спречен е шверц на околу 30 илјади парчиња облека и 52 илјади метри ткаенина.



Во октомври на ЦИ Гевгелија стоково царинење откриени се непријавени 671 кг. трпезно грозје.



На ЦИ Табановце привремено се задржани 56 живи птици – папагали.



Во октомври на ГП Блаце влез откриени се 1.410 пара чорапи, хулахопки и хеланки.




Во мај на ГП Аеродромот Александар Велики отсек за стоково царинење се откриени 1.080 парчиња лекови виагра.



Во август на ГП Аеродром Александар Велики при влез откриен е шверц на златен накит од 1,131 кг.

## НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ВОЗИЛА И ВОЗИЛА ЗА ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Заради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во 2014 година, Царинската управа привремено задржа 213 возила од кои 169 патнички, 5 товарни, 34 моторцикли, 2 мопеди, еден четирицикл, еден велосипед со мотор и еден трактор.

Самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, откриени се 31 случај на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на стока и патници, при што се поведени 9 прекршочни постапки, изречени се 2 глоби, издадена е една забрана за излез од Република Македонија и едно решение за отстранување на констатирани неправилности.

## ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА

Во 2014 година, на граничните премини се пријавени девизни средства во противвредност на 14.732.000 евра, од кои 14.623.000 евра на влез, а 109.000 евра на излез од Република Македонија.




Од вкупно пријавените девизи, 10.077.000 се евра, 3.194.500 швајцарски франци, 1.888.300 американски долари, 62.870 германски марки, 50.000 канадски долари, 37.760 дански круни, 22.000 австралиски долари, 11.190 британски фунти и 61.000 денари.

## ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

**Документарната царинска контрола е контрола на соодветноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и нивните управители, но се однесува и на физички лица.**

Како резултат на директна документарна царинска контрола, во над 29 илјади случаи во 2014 година се откриени несоодветни документи за царинење во однос на усогласеноста со мерките на трговската политика. Од нив, во над 28,5 илјади случаи се откриени невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, 435 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел

**РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА ВО 2014 ГОДИНА**

| Период | Вид на документ | Фактури (пониска вредност) | Сертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на стоката | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | Невалидни | 18.630 | 318 | 329 | 28 | 15 | 19.320 |
| | Фалсификат | 4 | 13 | 21 | 7 | 2 | 47 |
| | Други | 7.346 | 70 | 149 | 62 | 4 | 7.631 |
| | Вкупно | 25.980 | 401 | 499 | 97 | 21 | 26.998 |
| 2014 | Невалидни | 20.659 | 333 | 473 | 35 | 6 | 21.506 |
| | Фалсификат | 4 | 2 | 0 | 5 | 0 | 11 |
| | Други | 7.890 | 100 | 107 | 60 | 43 | 8.200 |
| | Вкупно | 28.553 | 435 | 580 | 100 | 49 | 29.717 |



избегнување плаќање на увозни давачки, над 580 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки, над 100 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки и избегнување на мерките на трговската политика и 49 случаи на други видови на документи. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 752 милиони денари на име увозни давачки.

## ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА

Во 2014 година, Царинската лабораторија изврши анализа на **869 мостри**, при што во **115 случаи** е констатирано дека стоката е распоредена во несоодветна тарифна ознака. Од овие случаи, во **48** промената е извршена врз основа на лабораториска анализа, а во **67** случаи промената е извршена врз основа на техничка документација.



Несоодветното тарифно распоредување има за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка за ДДВ и избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговска политика. Со анализите е утврдено дека увозниците со несоодветното тарифирање се обиделе да избегнат царински давачки во износ од 3,5 милиони денари. Против сторителите се преземени соодветни мерки, согласно Законот.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА

**Постцаринската контрола е контрола кај трговските друштва по спроведено царинење, но и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.**

Во 2014 година спроведени се 923 контроли на трговски друштва на увозни или извозни постапки при што се откриени 34 случаи на избегнување плаќање на царински давачки во вкупен износ од околу 8,5 милиони денари.

При извршените 237 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување откриени се 6 обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од околу 1 милион денари. При контролата на 235 иматели на одобренија за царинско складирање и простории

за привремено чување, откриени се неправилности во еден случај.

| РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ВО 2014 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| **Вид на контрола** | **2013** | **2014** |
| Контрола на трговски друштва | 70 | 72 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 45 | 56 |
| Контола на иматели на одобренија за увоз за облагородување | 261 | 237 |
| Контола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 241 | 235 |
| Контола на иматели на други одобренија со економски ефект | 50 | 20 |
| Контрола на поедноставни царински постапки | 247 | 220 |
| Контола на иматели на одобренија за царинско застапување | 111 | 58 |
| Контола на иматели на други одобренија | 5 | 25 |
| **Вкупно** | **1030** | **923** |

При извршените 56 контроли на иматели на акцизни одобренија, корисници на течен нафтен гас како погонско гориво и една документарна контрола откриени се 6 случаи на избегнување плаќање на акцизни давачки во вкупен износ од 2,4 милиони денари.

## НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ

**Една од основните функции на Царинска управа, е и зачувување на финансиските интереси на државата. Оваа функција продолжи успешно да се реализира и во 2014 година, кога Царинската управа по сите основи наплати вкупно 63.064 милиони денари. Овој износ е за 1,9% повисок од наплатените вкупни приходи во истиот период 2013 година, кога се наплатени вкупно 61.883 милиони денари.**

## ЦАРИНА

Наплатените приходи по основ на царина во 2014 година изнесуваат **4.222 милиони денари**. Овој износ е за 0,8% помалво однос на наплатените приходи по основ на царина во истиот период 2013 година, кога се наплатени вкупно 4.255 милиони денари.




## ДДВ

Наплатените приходи по основ на ДДВ при увоз во 2014 година изнесуваат **38.513 милиони денари**, што е за 2% повисоко од наплатените приходи по основ на ДДВ во истиот период 2013 година, кога се наплатени вкупно 37.741 милиони денари.




## АКЦИЗИ

Вкупно наплатените приходи од акциза остварени во внатрешен промет и увоз во 2014 година изнесуваат **19.695 милиони денари** наспроти 18.064 милиони денари наплатени во 2013 година и бележат пораст за 9%. За реална споредба со наплатените приходи од акцизи од 2013 година потребно е да се земе предвид и преминувањето на наплата од надоместоци во акцизи, со што наплатените приходи од акцизи во 2013 година изнесуваат 19.259,2 милиони денари, што покажува пораст во 2014 година од 2% во однос на остварените приходи од акциза од 2013 година.

## НАДОМЕСТОЦИ

Наплатените приходи од надоместоци при увоз во 2014 година изнесуваат **635 милиони денар**и, при што најголем приход е остварен од надоместоците за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои учествуваат со 85% во вкупниот приход.

Истиот период во 2013 година се наплатени **1.823 милиони денари**. Големата разлика во однос на наплатената акциза за 2013 година е поради укинување на надоместокот за тутун и тутунски производи, надоместокот за животна средина и надоместокот за здравствена заштита– (со стапување во сила на Законот за измена и дополна на Законот за тутун и тутунски производи („Сл.весник на РМ” бр. 93/2013), Законот за здравствена заштита („Сл. весник на РМ” бр. 87/2013) и Законот за животна средина („Сл.весник на РМ” бр. 93/2013) и нивното вклучување во акцизи.

За реална споредба, со преминување на наплатата од надоместоци во дел од акцизи, наплатените приходи од надоместоци од увоз во 2013 година изнесуваат 629 милиони денари што е за 1% помалку во однос на наплатените приходи во 2014 година.

## РЕШЕНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ

Во 2014 година, донесени се 714 решенија за дополнителна наплата на вкупно 51,1 милион денари, од кои:

- ✓ 37 решенија за дополнителна наплата на 1,7 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки;
- ✓ 41 решение за дополнителна наплата на 16,2 милиони денари поради декларирана по-



ниска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот;

- ✓ 150 решенија за дополнителна наплата на 5,2 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот и
- ✓ 486 решенија за дополнителна наплата на 28 милиони денари по други основи.

## КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ

Во 2014 година поднесени се 119 кривични пријави против 139 физички и 72 правни лица. За споредба, во 2013 година Царинската управа поднесе 94 кривични пријави против 123 физички и 25 правни лица.

## ПРИЈАВИ ЗА ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ

Во 2014 година поднесени се 947 прекршочни пријави против 781 физички и 166 правни лица од кои 859 за сторен царински прекршок, 80 за девизен прекршок и 8 за сторени акцизни прекршоци.

Во 2014 година решени се 2.409 прекршочни предмети и притоа на сторителите им се изречени глоби во износ од околу 152,5 милиони денари.

Во 2014 година, изречени се 2.264 мандатни казни против 1.466 физички лица и 798 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 17,9 милиони денари, споредбено со 2.093 мандатни казни против 1.159 физички лица и 934 правни лица во 2013 година, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 21,2 милиони денари.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

И во 2014 година Царинската управа продолжи со соработка и учество во меѓународни операции, вежби и размена на искуства, меѓу кои поважни се: редовната соработка со UNODC преку лицето за контакт на UNODC за Македонија, со EU-TWIX преку размена на информации, со Царинските служби на Албанија, Бугарија, Германија, Франција, Хрватска, Србија и Косово; операција „Bitter Pill„ фокусирана на борба против трговија со фалсификувани лекови и цигари во организација на OLAF и италијанската царина; тренинг, организиран од OLAF и Царинската администрација на Грција, за операција ERMIS за борба против трговија со фалсификувани производи; учество на 14-та Конференција за контрола на извозот во Дубаи, Обединети Арапски Емирати, организирана од Владите на Соединетите Американски Држави и Обединетите Арапски Емирати и др.

## ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

**Царинската управа продолжи со активностите за унапредување на своите капацитети за заштита на правата од интелектуална сопственост. Преземени се активности за унапредување на администрирањето и зголемувањето на интересот на имателите на трговски марки да регистрираат барања во Царинската управа за заштита на нивните права од интелектуална сопственост, зголемување на јавната свест за штетните последици од производство, трговија и употреба на фалсификувани стоки, како и унапредување на капацитетот за анализа на ризик и идентификација на фалсификувани стоки.**

Царинските службеници во секојдневното работење активно ја користат апликацијата на СЦО за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки - IPM (Interfaced Public Member). Во 2014 година, бројот на регистрирани царински службеници – корисници на оваа апликација изнесуваше 529, од кои 327 се активни корисници и истите оствариле 249 пристапи до апликацијата.

На крајот на 2014 година, бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост изнесуваше 345, додека на крајот на 2013 година - 334.

Во 157 акции спроведени во 2014 година, привремено се задржани 945.302 парчиња и 768 кг. стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост (во споредба со 333.799 парчиња во 2013 година). Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржани козметички производи со 58% учество. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминира Турција со 63%. Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во 2014 година, под царински надзор **се уништени вкупно 66.384 парчиња фалсификувана стока**.

*Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската Управа имаат регистрирано и следните трговски марки:*

*Parodontax, Perwoll, Domestos, Veet, Real Madrid, Champion, Lady Speed Stick, Augmentin, Panadol, Gsk, Aquafresh, Sensodyne, Dermovate, Zinnat, Seretide, Ventolin, Fortum, Dragon, Zippo, Cresta, Zegna, Aristoteli Bitsiani, Viva, Viva Fresh, Schwarzkopf, FC Barcelona, Porsche, Lamborghini, LG и Lexus.*

# 7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ



*Една од основните определби на Царинската управа е да обезбеди транспарентно и навремено, точно и организирано доставување на информации до сите интересни групи, односно главна цел е да се подобри протокот на информациите и нивната достапност до сите заинтересирани страни и да се подигне свеста на општата јавност со цел создавање на позитивен став за работата, услугите и улогата на Царинската управа. За таа цел, Царинската управа секојдневно работи на презентирање на своите активности пред јавноста и доставување  на навремени и корисни информации до граѓаните и бизнис заедницата.*

## СПРОВЕДЕНИ КАМПАЊИ  ЗА ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

Во 2014 година Царинската управа беше особено фокусирана на информирање на патниците за нивните права и обврски, ефикасна организација и примена на современи царински постапки како сигурен начин за обезбедување на брза, безбедна и лесна царинската контрола. Во таа насока, делувајќи превентивно, со цел подигнување на јавната свест за последиците од непочитување на законите, во текот на 2014 година Царинската управа спроведе две промотивни кампањи:




Во февруари 2014 година Царинската управа ја започна кампањата **„НЕ БИДИ МУЛЕ“** за информирање за последиците од неовластено производство и трговија со наркотици и штетните последици од консумирање на дрога. Целна група на оваа кампања беа младите луѓе, како најранлива група и група со која најмногу може да се манипулира. Кампањата започна со презентација од стручни лица на Царинската управа, пред учениците од СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, а продолжи со презентации во уште две средни училишта во Скопје и во средни училишта во Битола, Гевгелија, Штип и Куманово. Целта на кампањата беше да се делува превентивно и едукативно врз младата популација. Покрај тоа што средношколците се запознаа со последиците од консумирање и криумчарење на дрога, беа информирани и за вештините и дел од опремата со кои располагаат царинските службеници, а имаа и можност практично да ја согледаат улогата на царинските кучиња при откривање на дрога, преку демонстрирана практична вежба.

Во август 2014 година Царинската управа започна кампања за информирање на патниците кои влегуваат, излегуваат или транзитираат низ Република Македонија за правата и обвр-



ските поврзани со внесувањето и изнесувањето на пари. Кампањата **„ПРИЈАВЕТЕ ПАРИ“** стартуваше на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје. Во рамки на кампањата, беа изработени брошури на македонски, англиски, албански и турски јазик со информации за важечката царинска регулатива поврзана со пријавување пари. Покрај брошурите, на екраните на Аеродромите Александар Велики и Св. Апостол Павле поставено беше и информативно решение со цел потсетување на патниците на царинската регулатива. Изработени беа и информативни табли и поставени речиси на сите гранични премини, на кои се истакнати дозволените количини за внесување или изнесување на тутунски и алкохолни производи, парфеми, предмети за лична употреба, лекови, миленичиња итн.

## ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА (197)

**Телефонскиот број 197 е линија каде граѓаните можат бесплатно и анонимно да пријавуваат проблеми на царината, меѓу другото и за криумчарење на стоки, наркотични средства, како и за злоупотреби, поврзани со работењето на царинските службеници. Со пријавата на отворената царинска линија граѓаните директно се вклучуваат во борбата против криумчарењето и корупцијата со што допринесуваат во сузбивање и намалување на овој вид криминални дејства.**

Во 2014 година, на отворената царинска телефонска линија (197), се добиени 12.359 повици или во просек 34 повици и тоа: „А“[3] класа – 41 повик „Б“[4] класа – 59 повици, „С“[5] класа - 680 повици и „Ј“[6] класа – 71 повик. Најголемиот дел од повиците се однесуваа на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на поедини царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царински испостави, како и од мобилните тимови при што се реализирани и заплени на непријавена стока, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага која допринесе за спречување на царински измами како и сузбивање на злоупотреба и коруптивно однесување на одделни царински службеници.

[3] „А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа .
[4] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.
[5] „С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
[6] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници



## СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2014 година Царинската управа прими 23 барања за пристап до информации од јавен карактер и по истите беше соодветно постапено.

## ИНТЕРНЕТ И ИНТРАНЕТ, ПРАШАЊА, ЖАЛБИ И СУГЕСТИИ

Во 2014 година, официјалната веб страница на Царинската управа е посетена 1.888.100 пати од вкупно 195.221 корисници. Од страна на корисниците, испратени се 1.092 прашања, жалби и сугестии.  Одговорено е на 595 прашања. На интранет порталот на Царинската управа во 2014 година објавени се 781 информација, притоа остварени се 135.430 посети од 1.130 корисници. На интранет  порталот на Царинската управа во текот на 2013 години се објавени 1.901 информација, реализирани се 122.712 посети од 1.128 корисници.

## ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

### Донација на запленета стока на социјално ранливите категории

Со измените на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост од мај 2013 година овозможено е одземената фалсификувана стока (облека и обувки) да биде донирана.

Царинската управа во соработка со Министерството за труд и социјална политика по донесена Одлука на Владата на Република Македонија во 2014 година реализираше две успешни донации на социјално ранливите категории. Првата донација беше реализирана во јуни кога бесплатно се отстапија 3.924 пара обувки и 204 парчиња облека додека втората донација се реализираше во ноември кога бесплатно беа отстапени 290 парчиња облека и 1284 пара обувки.

### „Капка крв, искра надеж за живот“

Во рамки на одбележувањето на Царинскиот празник во периодот од 7 до 10 април 2014 година, Царинската управа поттикната од желбата да покаже поинаква одговорност кон нашата заедница и луѓето на кои им е неопходна помош, во соработка со Републичкиот завод за трансфузиологија, по петти пат организираше крводарителска акција под мотото



„Капка крв, искра надеж за живот“ на територијата на целата држава, во која учествуваа околу сто царински службеници.

### Вработените од Царинска управа донираа медицински апарати на Клиниката за деца

На 16 мај 2014 година, вработените на Царинска управа, по повод 22-та годишнина од основањето на Царинската управа врачија донација на ЈЗУ Универзитетската клиника за детски болести во Скопје. Донацијата се состои од медицински апарати (три инфузиомати) во вредност од 175.815 денари и наменета е за дечињата болни од леукемија на клиниката за детски болести – Скопје. Вработените на Царинската управа и во 2014 година традиционално организираа хуманитарна акција и ја покажаа својата подготвеност да им помогнат на оние на кои најмногу им е потребна помош. На оваа хумана акција се придружи и Самостојниот синдикат на царинските службеници со парична помош.

### Ден на дрвото

Под мотото „Стоп за катастрофите“, Царинската управа на Република Македонија активно се вклучи во **четиринаесетата акција „Ден на дрвото –Засади ја својата иднина!“** која се одржа на 3 декември 2014 година. На сите гранични премини во државата беа засадени садници, заедно со претставници на МВР, претставници на пограничните служби и локалните власти од соседните земји. Царинската управа и на ова поле продолжи да го дава својот придонес за заштита на здравјето на луѓето, истакнувајќи ја симболично заложбата во извршување на една од своите основни функции - заштита на животната средина.

## ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

## ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ

**Во јануари 2014 година потпишан е Меморандум за соработка со Државниот инспекторат за транспорт и Капетанијата на пристаништата – Охрид**, со цел воспоставување на напреден

систем за размена на податоци помеѓу институциите, подобрување на активностите за спречување на кршење на царинското законодавство заради заштита на интересите на државата. Меморандумот за меѓусебна соработка помеѓу Царинска управа и Капетанијата на пристаништата – Охрид предвиде и повеќе законски одредби за воспоставување на меѓу - државна патничка бродска линија Охрид – Подградец. **Привремениот граничен премин Свети Наум – Поградец**, официјално беше пуштен во употреба во јуни 2014 година согласно **Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид-Поградец**. На отварањето на овој премин присуствуваа директорите на царинските служби на Македонија и Албанија, министрите за транспорт и врски на двете земји, градоначалниците на Охрид и Поградец и македонскиот амбасадор во Република Албанија. На оваа средба беше истакната добрата соработка помеѓу двете царински институции и подготвеност за продлабочување и интензивирање во иднина.

**Царинската управа и Државниот пазарен инспекторат во јуни 2014 година потпишаа Меморандум за меѓусебна соработка**, со цел унапредување на соработката и меѓусебната помош и поддршка за заштита на населението од аспект на безбедност на производите, следење, усогласување, оптимизација и изнаоѓање решенија за евентуални проблеми.



Со цел организирање на обуки за бизнис заедницата како и согледување на потребата и темите за нивна реализација беа потпишани **Меморандуми за соработка со: Сојузот на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на Република Македонија и Групација на меѓународни шпедитери и логистички оператори - МИФА**. Од септември 2014 година, Царинската Управа партнерски работи на спроведување анализи и обуки за потребите на претставниците на бизнис заедницата и на други целни групи за нивно континуирано стручно усовршување.



## СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

Во 2014 година Советодавното тело одржа 4 состаноци, на кои беа разгледани повеќе актуелни прашања од областа на царинското работење, како и барања на деловната заедница. На состаноците, на претставниците на деловната заедница им беа презентирани новините во работењето на Царинската управа, како што е Новиот компјутеризиран транзитен систем и идното пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит, теми поврзани со гаранции во транзитната постапка, застапувањето во царинските постапки, потеклото на стоката, обуките за деловната заедница, воведувањто на можноста за побрз проток на жива стока, стока во свежа состојба и празни камиони на граничните премини Табановце и Богородица итн.

## МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во јуни 2014 година, во соработка со Академијата на судии и јавни обвинители се одржа работилница на тема „Царински долг“. На работилницата учествуваа судии и стручни судски службеници на Управниот суд и Вишиот управен суд, претставници на Царинската управа на Република Македонија и Министерството за финансии. Соработката со Академијата на судии и јавни обвинители продолжи и во текот на цела 2014 година, па така во септември 2014 година се одржа и советување на тема „Царински прекршоци“.

Во 2014 година, Царинската управа ја продолжи традицијата на добра соработка со високо образовните институции и како и секоја година, во текот на летниот период, овозможи практична работа за студенти. Со практичната работа во Царинската управа се запознаа студенти од студиската програма за царина и шпедиција на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола и Правниот факултет Јустинијан I при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Целта на практикантската работа е, студентите да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа преку вклучување во работните процеси со што ќе го надоградат своето знаење од практичен аспект.

## СОРАБОТКА ЦАРИНА - ЦАРИНА

Во септември 2014 година, во Загреб се одржа билатерална **средба помеѓу директорите на Царинските управи на Република Македонија и Република Хрватска**. На средбата беа разменети искуства од процесите на претпристапните преговори со ЕУ, заеднички контроли со соседни држави како и искуства при развој на информатички системи наменети за поврзување со системите на ЕУ. Претставниците на двете администрации заклучија дека интензивирањето на и досега одличната соработка и размената на искуства е од голема полза за двете страни.



Во декември 2014 година, **делегација на Царинска управа на Република Македонија беше во посета на Царинска и даночна управа на Унгарија, при што во Будимпешта се одржа билатерална средба помеѓу директорите на царинските служби**. На средбите беа разменети искуства од областа на царинење на мали пратки, искуства при развој на информатички системи во врска со постапката на акцизни стоки како и можностите за развој на организациска структура на царинската лабораторија во согласност со условите за акредитација по ISO 17025 стандарди за квалитет. Претставниците на двете администрации изразија задоволство од досегашната соработка и голема заинтересираност за организирање на нови активности и размената на искуства што би било голема полза за двете страни.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во март 2014 година, директорот на Царинска управа присуствуваше на **Годишната регионална конференција на директорите од европскиот регион на Светската царинска организација** што се одржа во Тибилиси, Грузија. На конференцијата присуствуваа директори и високи претставници од 53 царински служби од регионот и генералниот секретар на СЦО, кои ги разгледаа најважните прашања од регионален интерес, политиките на СЦО, зајакнување на царинските капацитети и регионалните разузнавачки канцеларии за врски (РИЛО).



Во мај 2014 година, делегација на Царинската управа учествуваше на **регионалната министерска конференција „Зајакнување на соработката, надминување на економските предизвици и соработка во борбата против сивата економија“, што се одржа во Приштина, Косово**. Директорот на Царинската управа зеде учество на панел дискусијата на директорите на царинските управи од регионот, за важноста на царината во интензивирање на регионалната соработка за идентификување на случаи на затајување на данок на тема „Улогата на Царината во борбата против сивата економија“.

Во јуни 2014 година во Брисел-Белгија се одржа **годишен Состанок на Советот на царинска соработка** - СЦО на кој присуствуваа директорите на царините на сите земји од светот. На состанокот беше разгледан напредокот во реализацијата на стратешките приоритети на СЦО, во областите на безбедноста и олеснувањето на меѓународната трговија, како и определувањето на стратешките принципи на понатамошното делување на СЦО, а се изврши и избор на Заменик генерален секретар и претставници во раководните тела на Советот на глобално и регионално ниво.

Делегација на Царинската управа на Република Македонија во јули 2014 година, присуствуваше на **„Форум на високо ниво за земјите од Западен Балкан, Турција и Италија“** во Фиренца, Италија на кој се разгледаа постигнатите резултати од проектот „Соработка и стратегија за борба против недозволена трговија со цигари и лекови во регионот на Западен Балкан, Турција и Италија", финансиран од OLAF (Европска канцеларија за борба против измами), координиран од италијанската царина, под покровителство на HERCULE II програмата.

Во јули 2014 година, Царинската управа на Република Македонија учествуваше на **вториот Управувачки комитет за Системот за размена на податоци (SEED - Systematic Electronic Exchange of Data), во Фиренца, Италија**. Проектот SEED, финансиран од Европската Комисија и предводен од италијанската царинската администрација стартуваше во септември



2010 година. Присутните ги евалуираа резултатите од проектот постигнати досега, а се дискутираше и за продолжување и одржување на SEED апликацијата во иднина. Во оваа пригода, директорот на Царинската управа на Република Македонија ги презентираше досега постигнатите резултати и развојот на апликацијата во Македонија. На Комитетот покрај генералните директори и високи претставници од Царинските управи во регионот, присуствуваа и релевантни претставници на Европската Комисија.

Во ноември 2014 година, делегација на Царинската управа присуствуваше на Регионална конференција за гранична безбедност која се одржа во Приштина, Косово, во организација на косовската гранична полиција и царина, во соработка со Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) на САД. На конференцијата учествуваа високи претставници на Граничната полиција и Царина на Албанија, Косово, Македонија и Црна Гора, претставници на меѓународните организации ICITAP, SELEC, FRONTEX, кои разгледуваа прашања поврзани со прекуграничната трговија, борбата со организираниот криминал, заканите од тероризам и предизвиците со кои се соочуваат институциите задолжени за гранична безбедност во регионот.

Во декември 2014 година, во присуство на претставници на дипломатскиот кор и бизнис заедницата, директорот на Финансиската управа на Република Словенија и други соработници на Царинската управа беше одбележан **стартот на Твининг проектот „Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока“**, финансиран преку Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА ТАИБ 2010), кој се реализира со стручна помош од Финансиската управа на Република Словенија. Целта на проектот е започнување со примена на системот во царинските постапки помеѓу сите 33 земји членки на Заедничкиот транзитен систем на ЕУ и ќе обезбеди дополнителна поддршка



за пристапување кон и полноправно членство во истиот, како и дополнително усогласување на царинското законодавство преку транспонирање на одредбите на новиот Царинскиот закон на Унијата и Уредбата за негова имплементација, кои во ЕУ треба да стапат на сила во мај 2016 година.

**Делегација на ЕУ во Република Македонија, предводена од шефот на операции г-н Мартин Клауке, во јули 2014 година беше во посета на Царинската управа**. Целта на посетата беше согледување на напредокот во реализацијата на проектот Интегрирана тарифна околина (ИТО) од програмата ИПА 2009. Присутните од Делегацијата на ЕУ, заклучија дека проектот се одвива според Предлог планот за имплементација, за што Царинската управа доби позитивни оценки.

## ДРУГИ ПОЗНАЧАЈНИ АКТИВНОСТИ

Во септември 2014 година **беше пуштена во употреба целосно реновираната управна зграда и придружни објекти на граничниот премин Богородица**. Реновирањето се реализираше во рамки на проектот „BORDER IN" како дел од Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2007-2013 од IPA финансиран од страна на ЕУ и финансиско учество на Владата на Република Македонија. Крајниот резултат на проектот е поголема функционалност, заштеда на средства за тековно одржување и функционирање на објектите, како и осовременување и зголемен квалитет на услугите за вработените и патниците – корисници на граничниот премин. Крајот на реконструкцијата официјално беше одбележан на 16 септември 2014 година во присуство на делегација на Генералниот директорат за проширување на Европската Комисија, предводена од г-дин Дејвид Кален, како и високи претставници од делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

Програмата на **Амбасадата на САД за контрола на извозот и гранична безбедност** и во 2014 година донираше опрема наменета за Царинската управа. Оваа година донирана беше опрема во вредност од 70.000 долари - 5 парчиња фиберскоп, 2 сета за откривање на криумчарена стока и 2 резервни делови за скенери.

Во периодот од 10-11 декември 2014 година меѓународното сертификационо тело TÜV NORD Бугарија спроведе редовен годишен надзор на исполнувањето на барањата на

меѓународниот стандард ISO 9001:2008 во Царинската управа, при што Царинската управа беше оценета со највисока оценка со што беше потврдено успешното спроведување на стандардот ISO 9001:2008 за Менаџмент со квалитет во 2014 година. Инаку, сертификатот за стандардот за Систем за менаџмент со квалитет, Царинската управа го доби на 13 декември 2013 година.

## ИЗБРАНА НАЈУСПЕШНА СТОКОВА И ГРАНИЧНА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА

Царинската управа не само што инвестира во своите вработени преку нивно стручно оспособување, туку со постојана нивна мотивација. Во таа насока, а со цел поттикнување на натпреварувачкиот дух, охрабрување и поттикнување на царинските службеници за остварување на нивните амбиции согласно воведените критериуми, Царинската управа и за последниот квартал од 2014 година, го изврши изборот на:

- ✓ најуспешна царинска испостава која врши патнички промет - Царинската испостава Табановце-автопат, Царинарница Куманово и
- ✓ најуспешна внатрешна царинска испостава која врши стоково царинење -Царинската испостава Скопје 2, Царинарница Скопје.

### Одбележана 22-та годишнина од основањето на Царинската управа

Во април 2014 година, Царинската управа ја одбележа дваесет и втората годишнина од своето формирање како државен орган на управата. По тој повод, одржана беше традиционална свечена церемонија на која присуствуваа членови на Владата на Република Македонија, преставници на дипломатскиот кор, бизнис заедницата, нивни здруженија и други соработници на Царинската управа.

Во ноември 2014 година, во Царинската управа **се одржа свечена церемонија на кој**а новоработените царински службеници **дадоа свечена заклетва**, беше оддадено признание на одредени поединци, институции и компании кои со својата работа допринесоа за успешна реализација на активностите на ЦУРМ, а на вработените кои навршиле 10, 20 и 30 години работен стаж, им беа доделени награди.

ПОДГОТВУВА И ИЗДАВА | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. Лазар Личеновски 13, 1000 Скопје

www.customs.gov.mk

ДИЗАЈН И ПЕЧАТИ | ЕВРОПА 92 - КОЧАНИ

ТИРАЖ | 150